# Краткиот водич

## Ракување со производот

⚠ Прво прочитајте го делот „Упатства за безбедност“




1. Копче за вклучување / исклучување
2. Функција за далечинска контрола
3. Копче за мени
4. Копче за одложено време / избор на мени
5. Копче за избор / потврдување
6. Екран
7. Копче за вклучување / паузирање / откажување
8. Копчиња за избор на функција
   - F1 Hygiene Intense функција
   - F2 SteamGloss Функција
   - F3 DeepWash функција
   - F4 Fast+ функција
   - F5 Функција за половина полнење
9. Копчиња за избор на програма




10. Индикатор за таблетата со детергент (во зависност од моделот)
11. Индикатор за дозирање на течен детергент (во зависност од моделот)
12. Индикатор за автоматски отворање врата (во зависност од моделот)
13. Индикатор за функција на чистење филтри (во зависност од моделот)
14. Индикатор за функција IonActiveIonGuard (во зависност од моделот)
15. Индикатор за одложено време / времетраење на програмата
16. Индикатор за одложен старт
17. Индикатор за крај на програмата
18. Индикатор за средство за плакнење
19. Индикатор за сол
20. Предупредување за исклучена вода
21. Индикатор за мени за звучни поставки
22. Индикатор за мени за тврдост на водата
23. HomeWhiz индикатор
24. HomeWhiz поставка за индикаторот

## Податоци за програмите и вредностите на просечната потрошувачка

| Број на програма | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на програма | Auto | AquaFlex | интензивно | Eco * | Деликатно | Quick&Shine (#) | Mini (#) | предмиење | Програма што може да се преземе |
| Температура на миење | 40-65 °C | - | 70 °C | 50 °C | 40 °C | 60 °C | 35 °C | - | - |
| Степен на извалканост | Се одредува степенот на извалканост на садовите и автоматски се поставуваат температурата и количината на водата за перење, како и времето на перење на садовите. Се применува за сите видови садови. | Ова е најсоодветната програма за миење мешани садови собрани во текот на денот, вклучително и пластични садови. Тавите и тенџериńата може да се мијат во долната корпа, додека деликатните стаклени садови се мијат го горната корпа. | Соодветно за многу извалкани садови, тави и тенџериња. | Соодветна за миење садови кои се нормално извалкани. Ова е најсоодветната програма во однос на комбинацијата на потрошени струја и вода. Наведеното служи за процена на усогласеноста со директивата на ЕУ за еколошки дизајн. | Специјална програма за внимателно миење на кршливи садови и чаши од стакло. | Дневна програма за миење нормално извалкани садови на најбрз начин. | Се применува за лесно извалкани садови што се избришани или исплакнати. | Се применува за отстранување на остатоците на извалканите садови што ќе се собираат во машината неколку дена со што се спречува создавање лоша мириза. | Проверете ја апликацијата HomeWhiz за програмите што можете да ги преземете преку безжична врска. |
| | Среден кон висок | Среден | Висок | Среден | Мал | Среден | Мал | - | |
| Пред-миење | + | + | + | + | + | - | - | + | |
| миење | + | + | + | + | + | + | + | - | |
| Сушење | + | + | + | + | + | + | - | - | |
| Времетраење (min) | 117-198 | 219 | 187 | 252 | 120 | 58 | 30 | 15 | |
| Енергија (kWh) | 9,4-12,4 | 19,0 | 16,8 | 9,5 | 14,4 | 10,6 | 10,8 | 4 | |
| Вода (l) | 0,90-1,45 | 1,3 | 1,32 | 0,768 | 0,92 | 1 | 0,78 | 0 | |

**Капацитет на полнење: 16**

Вредностите на потрошувачка покаѓани во табелата се одредени под стандардни околности. Од оваа причина, можни се мали разлики под други одредени услови. * Одредена програма für за тестираање Тестирањето во согласност со EN 50242/60436 мора да биде изведено со полн контејнер сол, полн резервоар со сретство за плакнење и програма за тестирање. Вредностите дадени за програми освен за програмата Eco 50°C се само индикативни. (#) Дополнителните функции може да го променат времетраењето на програмите.

**Информации за програмата што може да се преземе и Табела со вредности за просечната потрошувачка**

| Број на програма | D1 | D2 | D3 |
|---|---|---|---|
| Име на програма | Quietwash | Clean&Shine | InnerClean |
| Температура на миење | - | 65 °C | - |
| Степен на извалканост | Ова е дневна програма за миење нормално извалкани садови на тивок начин. | Дневна програма за миење нормално извалкани садови. | Препорачуваме да ја вклучувате оваа програма секои 1-2 месеци за да ја исчистите машината и да ја достигнете потребната хигиена. Програмата треба да се вклучува кога машината е празна. За да постигнете задоволителен резултат, се препорачува да ја користите заедно со специјални агенси за чистење машини за садови. |
| | Среден | Среден | - |
| Пред-миење | + | + | - |
| миење | + | + | - |
| Сушење | + | + | - |
| Времетраење (min) | 307 | 125 | 90 |
| Енергија (kWh) | 9,6 | 14,4 | 15,2 |
| Вода (l) | 1,15 | 1,15 | 0,7 |

## Менување на Преземената програма

Апликацијата HomeWhiz може да ја користите за менување на Преземената програма која е последната програма на производот. Можете да ги проверите Табелата со податоци за програмата и Просечните вредности на потрошувачка за да видите на што се однесуваат преземените програми и стандардната Преземена програма.

**За да ја промените преземената програма:**

- Поврзете го вашиот производ со апликацијата HomeWhiz.
- Вклучете ја функцијата Далечински управувач на производот.
- Одете до страницата за поставки на производот на апликацијата.
- На страницата за поставки на производот, продолжете до страницата Преземена програма.
- На страницата Преземена програма, изберете програма за преземање на вашиот производ.
- Изберете ја саканата програма на страницата Преземена програма и притиснете Преземена програма на апликацијата HomeWhiz.
- Додека се презема програмата, ќе видите анимација на програмата и апликацијата HomeWhiz.
- Откако ќе заврши постапката за преземање, може да изберете и да ја инсталирате Преземената програма на производот или на апликацијата HomeWhiz.

ℹ Можете да ги проверите Табелата со податоци за програмата и Просечните

вредности на потрошувачка за да ги видите програмите што може да ги преземете на вашиот производ.

ℹ Ако преземате друга програма на производот, вашиот претходен избор ќе се откаже.

ℹ На производот може да преземате колку што сакате програми и да ја менувате Преземената програма кога сакате. Само треба да бидете сигурни дека вашиот паметен уред и производ се поврзани на интернет и дека е вклучена функцијата Далечински управувач на производот.

# HOMEWHIZ ФУНКЦИЈА

Можете да ја проверите машината за садови и да дознаете за нејзината состојба преку вашиот паметен уред со HomeWhiz функцијата.

ℹ HomeWhiz работи само на фреквенција од 2,4GHz.

ℹ Можете да ја користите машината преку паметен уред доколку ја изберете таа функција. Можете да ја надгледувате машината преку апликацијата доколку не е избрана функцијата.

ℹ Проверете го индикаторот за да видите дали функцијата е вклучена.

Доколку функцијата не е вклучена, HomeWhiz индикаторот ќе биде исклучен или континуирано ќе трепка на кратки интервали. На пример, кога безжичното поврзување е исклучено или кога вратата од машината е отворена.

ℹ Функцијата ќе биде исклучена кога ќе се отвори вратата од машината или кога го користите копчето за вклучување/исклучување на машината. Може повторно да се вклучи со копчето за управување од далечина.



Дисплејот кога е вклучен HomeWhiz.

## Поставување на корисничка сметка HomeWhiz

Инсталирајте ја HomeWhiz апликацијата од продавницата за апликации на вашиот паметен уред, за да ја користите WLAN функцијата на вашата машина. Проверете дали сте приклучени на интернет за да ја користите апликацијата.
Доколку прв пат ја користите апликацијата, регистрирајте се со ваша е-адреса.
Откако ќе се регистрирате, ќе можете преку истата сметка да ги користите сите HomeWhiz поддржани апарати во домаќинството.
Можете да притиснете на „Add/Remove Appliance“ под категоријата „Appliances“ за да ги видите сите апарати поврзани со вашата сметка. Можете да го изведете процесот за поврзување на апаратите од оваа страница.

**Почетно поставување**

1 Притиснете на „Add/Remove Appliance“ категорија во апликацијата HomeWhiz.

2 Притиснете „Tap here to setup a new appliance“.

3. Додека е машината исклучена, притискајте истовремено на копчето „on/off“ (вклучување/исклучување) и на копчето за далечинска контрола и така ќе влезете во менито за поставки. Притиснете го копчето за поставки за да ја поставите машината во состојба на „wireless connection setup“ (постава за безжично поврзување)

4. Тогаш, во категоријата за поставки на вашиот паметен уред, приклучете се на “HomeWhiz xxx-xxxx” мрежата според поставките за безжично

поврзување. Лозинката за мрежата ќе ја најдете во HomeWhiz апликацијата.

5. Поврзете го паметниот уред на HomeWhiz мрежата и вратете се на HomeWhiz апликацијата. На апликацијата можете да ја видите машината за садови што ја додадовте. Допрете Next за да продолжите на следниот чекор.
6. Изберете ја мрежата на која што сакате да ја поврзете машината и внесете ја лозинката.
7. Додека се поврзува машината на избраната мрежа, ќе забележите како трепка иконатаHomeWhiz (📶) Откако ќе се утврди поврзување, иконата целосно ќе свети.
8. Откако машината е поврзана со избраната мрежа, треба и паметниот уред да го поврзете на истата мрежа. Доколку не се поврзе автоматски, одете во поставки и поврзете се на мрежата на која што се поврзана машината.
9. Вратете се на HomeWhiz апликацијата и дајте и име на машината. Ова е последниот чекор. Можете да го видите вашиот производ на страницата за производи („Products").
10. Откако успешно ќе ја извршите поставката за машината, производот автоматски ќе покаже на главниот екран и ќе се врати во режим за користење.
11. Доколку поставката е неуспешна или не може да се комплетира во рок од 5 минути во режимот за поставки, HomeWhiz иконата и производот ќе се исклучат во режимот за исклучено. За повторно да го направите поставувањето, ве молиме повторете почнувајќи од чекор 1.

**Користење на машината за садови на повеќе од еден уред**

Можете да ја користите машината на повеќе од еден паметен уред. Инсталирајте ја HomeWhiz апликацијата на друг паметен уред за да ја користите функцијата. Треба да се пријавите со вашата сметка откако ќе ја вклучите апликацијата.

ℹ Доколку сметката со која што се пријавивте е истата на која сте додавале апарат(и) претходно, можете да ја користите машината веднаш по пријавувањето.

**Следете ги следните чекори за да користите веќе поставена машина преку нова сметка.**

1. Креирајте нова сметка и користете ја за да се пријавите наHomeWhiz апликацијата. Проверете дали вашиот паметен уред и машината се поврзани на иста мрежа.
2. На страницата за производи притиснете на „Add/Remove Appliance" Можете да го видите апаратот и неговиот корисник во картичката„Other Appliances".
3. Притиснете (+) веднаш до машината која сакате да ја додадете и именувајте ја.
4. Вашето барање за да го додадете апаратот, ќе биде испратено до сопственикот по пат на е-пошта. Ќе можете да го користите апаратот дури откако сопственикот ќе го прифати вашето барање.

ℹ Вашиот паметен уред и машината не мора да се поврзани на истата интернет мрежа откако ќе се заврши процесот за поставување. Можете да го користите апаратот сѐ додека вашиот паметен уред е поврзан на интернет.

ℹ Можете да притиснете на „Add/ Remove Appliance" под категоријата „Appliances" за да ги видите сите апарати поврзани со вашата сметка. Можете да го изведете процесот за

поврзување на апаратите од оваа страница.

**HomeWhiz вклучено/исклучено**

Притиснете го копчето за далечинска контрола за да ја вклучите функцијата.



Доколку го притиснете копчето за далечинска контрола додека функцијата е вклучена, ќе се исклучи функцијата Home Whiz и индикаторот ќе продолжи да го прикажува одложеното време/времето на програмата. Додека е исклучено, LED копчето на HomeWhiz ќе биде исто исклучено.

Проверете го индикаторот за да видите дали безжичното поврзување е вклучено.

Доколку безжичното поврзување е исклучено, ќе забележите дека и HomeWhiz иконата е исклучена.

ДоколкуHomeWhiz иконата е вклучена, тоа значи дека безжичното поврзување на производот е вклучено и производот е поврзан на безжичната мрежа. Доколку HomeWhiz иконата трепка на одредени интервали, тоа значи дека е вклучена, но не може да се поврзе или се обидува да се поврзе на интернет.

**Безжично поврзување вклучено/исклучено**

Додека машината е вклучена, држете го притиснато 1 секунда копчето за мени, за да влезете во менито за поставки. Следете го екранот и притискајте ги копчињата <- и +> на панелот, па почекајте да се појави индикаторот за безжично поврзување. Притиснете го копчето за избирање и доколку безжичното поврзувањето е вклучено, исклучете го; доколку е исклучено, тогаш вклучете го. Доколку безжичното поврзување е вклучено, индикаторот за безжично поврзување ќе свети постојано, а доколку е исклучено, индикаторот за безжично поврзување ќе трепка на кратки интервали.

Откако ќе го вклучите безжичното поврзување, машината ќе се поврзе на домашната интернет-мрежа преку поставките кои ги направивте претходно.

**Бришење на HomeWhiz поставките**

Додека машината за садови е вклучена, истовремено притиснете и држете 5 секунди на копчињата за далечинска контрола и за мени за насока (-). По одбројувањето на екранот 5-4-3-2-1, вашите поставки ќе бидат избришани.

**HomeWhiz Решавање проблеми**

Следете ги упатствата доколку наидете на проблем со управување или поврзување. Доколку проблемот не се реши, направете го следното.

1. Проверете дали вашиот паметен уред е поврзан на интернет.
2. Исклучете ја HomeWhiz апликацијата на вашиот паметен уред и повторно вклучете ја.
3. Рестартирајте го вашиот паметен уред.
4. Проверете ја состојбата за безжично поврзување на машината за садови. Доколку видите „WLAN: Off“, сменете на „WLAN: On“ и почекајте машината да се поврзе. Исклучете ја HomeWhiz апликацијата на вашиот паметен уред и повторно вклучете ја.
5. Доколку поврзувањето не може да се воспостави следејќи ги претходните инструкции, повторете ја првичната поставка за поставување на апаратот.
6. Доколку проблемот не се реши, обратете се до овластен сервисер.

# Краткиот водич
## Приспособување на системот за омекнување на водата

Резултатите од миењето, плакнењето и сушењето на вашата машина за миење садови ќе бидат подобри ако системот за омекнување на водата се приспособи правилно.
За да го приспособите системот, прво дознајте ја тврдоста на водата во вашиот регион и приспособете како што посочено долу.

- Распакувајте ја лентата за тестирање.
- Пуштете ја чешмата и оставете водата да тече 1 минута.
- Ставете ја лентата под водата 1 секунда.
- Тргнете ја лентата од водата и протресете ја.
- Почекајте 1 минута.
- Направете го потребното приспособување според лентата за тестирање.

Ниво 0
Ниво 1
Ниво 2
Ниво 3
Ниво 4
Ниво 5



По откривање на тврдоста на водата:
1. Откако ќе ја вклучите машината, држете го копчето за мени притиснато 3 секунди.
ℹ Кај некои модели ако еднаш го притиснете копчето за мени, тоа ќе ви овозможи да влезете во менито за поставки.

2. Користете ги копчињата <- и +> сè додека не се вклучи индикаторот за тврдост на водата (на екранот ќе се покаже „r“).
3. Преку копчето за избор на програма, изберете го нивото на тврдост на водата согласно нејзината тврдост.. Погледнете ја „Табелата за избирање на степенот на тврдост на водата“ за да ја најдете точната поставка.
4. Притиснете го копчето за вклучување/исклучување за да ја зачувате поставката.

**Табела за прилагодување на нивото на тврдоста на водата**

| Степен на тврдост | Англиски стандард за тврдост на водата °dE | Германски стандард за тврдост на водата °dH | Француски* стандард за тврдост на водата °dF | Индикатор за степенот на тврдост на водата |
|---|---|---|---|---|
| Ниво 0 | 0-5 | 0-4 | 0-8 | Притиснете го копчето за избор за да го префрлите степенот на тврдост на водата на позиција 1. (r1) |
| Ниво 1 | 6-9 | 5-7 | 9-13 | |
| Ниво 2 | 10-15 | 8-12 | 14-22 | Притиснете го копчето за избор за да го префрлите степенот на тврдост на водата на позиција 2. (r2) |
| Ниво 3 | 16-19 | 13-15 | 23-27 | Притиснете го копчето за избор за да го префрлите степенот на тврдост на водата на позиција 3. (r3) |
| Ниво 4 | 20-24 | 16-19 | 28-34 | Притиснете го копчето за избор за да го префрлите степенот на тврдост на водата на позиција 4. (r4) |
| Ниво 5 | 25-62 | 20-50 | 35-90 | Притиснете го копчето за избор за да го префрлите степенот на тврдост на водата на позиција 5. (r5) |

Извршете го истото приспособување на тврдоста на водата што го поставивте на контролниот панел и преку прекинувачот за приспособување на регенерацијата. На пример, ако прилагодивте на „3“ кај контролниот панел, поставете го и прекинувачот за прилагодување на регенерацијата на 3.

| Прекинувач за приспособување на регенерацијата | Ниво 0 | Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 | Ниво 4 | Ниво 5 |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
|   | 1  | 1  | 2  | 3  | 4  | 5  |

- Ако нивото на тврдоста на водата што ја користите е над 50°dH или ако користите вода од бунар, тогаш препорачуваме да користите филтер и уреди за пречистување на водата.
- Ако нивото на тврдоста на водата што ја користите е под 7°dH, нема потреба да користите сол во машината за миење садови. Во овој случај, сијаличката за индикаторот за сол на контролниот панел на вашата машина за миење садови ќе свети постојано.
- Ако нивото за тврдост на водата е поставено на 1. ниво, индикаторот за сол ќе свети постојано иако не е неопходно да користите сол. Ако ставите сол во овие услови, солта нема да се троши и сијаличката нема да свети.

При селење, ќе треба да го поставите повторно нивото на тврдоста на водата на вашата машна за миење садови според информациите горе, во зависност од тврдоста на водата во местото каде што се преселивте.Ако нивото за тврдоста на водата било претходно прилагодено на машината, машината ќе го прикажува последното прилагодено ниво за тврдост на водата.